Училишната комисија за запишување на редовни ученици во прва година во Средното училиште на Град Скопје „Владо Тасевски“ – Скопје во учебната 2022/2023 година, донесе:

# ***<u>ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА УПИС НА УЧЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА ВО СУГС „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ -СКОПЈЕ-</u>***

Вопрвагодинаќесезапишат 458ученициво14паралелки (322ученициво10паралелкисонаставанамакедонскијазики 136ученициво4паралелки сонаставана албанскијазик) според наставнитеплановиипрограмиза:

**Сообраќајнаструка- 161ученици,5паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - техничарзатранспорти шпедиција | мак | 68уч. | 2пар. | 4г.тр. | 60 поениминимум |
| - техничарза транспортишпедиција | алб | 68уч. | 2пар. | 4г.тр. | 60 поениминимум |
| - техничарзажелезничкисообраќај *(соработка со ЈП МЖ Инфраструктура Скопје) | мак | 25 уч. | 1пар. | 4г.тр. | 50 поениминимум |

**Е**

**лектротехничкаструка- 204Ученици,6паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - електротехничарза електроникаи телекомуникации | мак | 102уч. | 3пар. | 4г.тр. | 50поениминимум |
| - електротехничарза електроникаи телекомуникации | алб | 34уч. | 1пар. | 4г.тр. | 50поениминимум |
| - електротехничарза компјутерска техника и автоматика | мак | 34уч. | 1пар. | 4г.тр. | 55поениминимум |
| - електротехничарза компјутерска техника и автоматика | алб | 34уч. | 1пар. | 4г.тр. | 55поениминимум |

**Машинскаструка- 93ученици,3паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - машинско- енергетскитехничар/ техничар за производно машинство *(соработка со Делегација на Германско стопанство АХК) | мак | 25уч. | 1пар. | 4г.тр. | 45/ 55 поениминимум |
| - машинско- енергетскитехничар | мак | 34уч. | 1пар. | 4г.тр. | 45поениминимум |
| - инсталатерза греење иклиматизација | мак | 34уч. | 1пар. | 3г.тр. | 30поениминимум |

**I.УСЛОВИЗА ЗАПИШУВАЊЕ И КРИТЕРИУМИ**

## ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во јавните средни училишта (во натамошниот текст: училишта) во учебната 2022/2023 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за спортска академија, Законот за Математичко - информатичка гимназија и со овој Конкурс.

Условите за запишување на учениците во прва година се:

- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за еден од следните видови образование:

а) гимназиско образование;

б) стручно образование и обука;

в) средно уметничко образование;

г) средно образование за ученици со посебни образовни потреби;

- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Конкурс.

Критериуми за избор на учениците се:

− среден успех на ученикот од VI до IX одделение;

− среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);

− дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;

− средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

Во средното образование за ученици со посебни образовни потреби се вклучуваат ученици според видот и степенот на попреченост.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година во јавните средни училишта нема да биде обезбеден, ако избраниот вид образование (струка или насока) го има во општината, односно регионот.

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети и тоа:

- за гимназиско образование - мајчин јазик и математика;
- за здравствена струка - биологија и хемија,
- за другите струки - мајчин јазик и математика.

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:

- за освоено место од меѓународни натпревари 5 поени
- за освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III место – 1 поен.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение

поделен со 4).

Утврдениот минимум број поени за првото пријавување е составен дел на овој Конкурс.

## II.ПОТРЕБНИДОКУМЕНТИЗАЗАПИШУВАЊЕ

Припријавувањето,учениците требадагиподнесатследнитедокументи:

- пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјлната веб страница);
- оригиналнисвидетелстваод VI доIXодделение;
- дипломи,(доколкуимаат)одосвоени(I, II иIII) местаодмеѓународнии државнинатпревариодмајчинјазик,странскијазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географијаинаставнипредметишто сеод значењезаструката, насоката,односноизборнотоподрачје;
- извод од матичнатакниганародените(без оглед надатумотнаиздавањето).

## III.КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со три пријавувања во месец јуни. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наукаhttps://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

Првото пријавување на учениците ќе се врши на 14 јуни до 24.00 часот ина 15 јуни 2022 година до 15:00 часот. Прелиминарната ранг листа на запишани ученици се објавува на 16 јуни 2022 година на https://e-uslugi.mon.gov.mkи на интернет страната www.mon.gov.mk најдоцна до09:00 часот. Доставувањето на потребената документацијадо училиштата е на 16 јуни од 12.00 до 19.00 часот и на 17 јуни од 07.00 часот до 19.00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листаза секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 18 јуни 2022 година, најдоцна до 12.00 часотна огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 20 јуни 2022 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 20 јуни 2022 година, на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk..

Второто пријавување на учениците ќе се врши на 21 јуни до 24.00 часот ина 22 јуни 2022 година до 15:00 часот. Прелиминарната ранг листа на запишани ученици се објавува на 23 јуни 2022 година на https://e-uslugi.mon.gov.mkи на интернет страната www.mon.gov.mk најдоцна до09:00 часот. Доставувањето на потребената документацијадо училиштата е на 23 јуни од 12.00 до 19.00 часот и на 24 јуни од 07.00 часот до 19.00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листаза секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 25 јуни 2022 година, најдоцна до 12.00 часотна огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 27 јуни 2022 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 27 јуни 2022 година, на огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

Третото пријавување на учениците ќе се врши на 28 јуни до 24.00 часот. Прелиминарната ранг листа на запишани ученици се објавува на 29 јуни 2022 година на https://e-uslugi.mon.gov.mk и на интернет страната www.mon.gov.mk најдоцна до09:00 часот. Доставувањето на потребената документацијадо училиштата е на 29 јуни од 10.00 до 19.00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листаза секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 30 јуни 2022 година, најдоцна до 12.00 часотна огласната табла на училиштето

и на www.mon.gov.mk.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзонапредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок. Пријавување на учениците ќе се врши на 22 август до 24.00 часот. Прелиминарната ранг листа на запишани ученици се објавува на 23август 2022 година на https://e-uslugi.mon.gov.mk и на интернет страната www.mon.gov.mk најдоцна до09:00 часот. Доставувањето на потребената документацијадо училиштата е на 23 август од 10.00 до 19.00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето. Конечната ранг листаза секое училиште со резултатите од запишувањето ќе се објави на 24август 2022 година, најдоцна до 12.00 часотна огласната табла на училиштето и на www.mon.gov.mk.

**По објавување на конечната ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.**

## IV.ОБЈАВУВАЊЕНАИНТЕРНИОГЛАСИ

Јавните средни училишта се должни интерните огласи ги објавуваат на јавно место во училиштето најдоцна до 20 април 2022 година, во рамките на вкупниот број на ученици и паралелки утврдени со овој Конкурс.

Училиштата по првото пријавување, можат да го намалат утврдениот број на минимум поени дадени во Конкурсот најмногу до 10 поени, освен за упис во гимназиско образование, економско – правна и трговска струка и здравствена струка, каде намалувањето на утврдениот број на поени минимум не е дозволено.

Училиштата се должни со интерен оглас за второто пријавување, односно третото пријавување да ги истакнат утврдените минимум поени со кои е можно учениците да конкурираат за запишување во определен план и програма. Објавувањето на минимумот поени треба да се изврши на 20 јуни 2022 година за второто пријавување, односно на 27 јуни 2022 година за третото пријавување.

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

## V. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ

Надзор над спроведување на овој Конкурс врши Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и овластените просветни инспектори на општините, односно овластените просветни инспектори на Градот Скопје.

**Изготвил**
**секретар**
**Светлана Анева**

**Скопје,13.04.2022година**

**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ РЕДОВНИ УЧЕНИЦИ**
**ВО ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА,**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Александар Сибиновски**